| | | |
|---|---|---|
| 3. | Изработка на Основна хидрогеолошка карта на Република Северна Македонија во размер 1:100 000, лист Куманово (I фаза на реализација) | 2.500.000 |
| | ВКУПНО: | 8.500.000 |

IV

Реализацијата на проектите од делот III од оваа програма ќе се врши врз основа на склу-чени договори со изведувачи кои ќе се изберат со објавување на јавен повик и спроведе-на постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Со најповолниот по-нудувач Геолошкиот завод на Република Северна Македонија ќе склучи договор за јавна набавка.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-180/6
1 февруари 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи**, с.р.

---

**434.**

Врз основа на член 30 став 6 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ДЕКАДАТА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИТЕ ЗА 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма ќе се реализираат активностите за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2023 година.

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/22), раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, во износ од 20.000.000,00 денари.

II

Средствата од оваа програма ќе се користат за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население.

III

Корисници на средствата од оваа програма се единиците на локална самоуправа во кои има места населени со претежно Ромско население.

IV

За распределба на средствата за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население, Министерството за транспорт и врски објавува јавен повик на интернет страницата на Министерството за транспорт и врски, за пријавување на интерес за средствата од оваа програма, согласно кој единиците на локална самоуправа доставуваат барање за користење на средства до Министерството за транспорт и врски.

Кон барањето за користење на средства, единиците на локална самоуправа доставуваат:
- проектна документација;
- одобрение за градење;
- опис на проектната документација за градба/проект за кој се аплицира и кој треба да содржи:
1. Место на изградба на градбата;
2. Фаза на изградба на градбата (нова, во градба, реконструкција или адаптација);
3. Вкупна инвестициона вредност на градбата;
4. Вкупно вложени финансиски средства во реализација на градбата, заклучно со 31.12.2022 година;
5. Вкупно обезбедени средства од Буџетот на единицата на локална самоуправа, како и од страна на други извори на финансирање во 2023 година за реализација на проектот за кој се поднесува барање за користење на средства;
6. Висина на средства што се бараат од Министерството за транспорт и врски од Буџетот за 2023 година; и
7. Процент на опфатеност/покриеност на Ромско население во целното подрачје со резултати од предлог-проектот.

Распределбата на средствата наменети за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население, се врши по следните критериуми:

1. Број на жители припадници на Ромската етничка заедница во единиците на локална самоуправа;
2. Вид на проект (водовод, канализација, тротоари, улици, потпорни ѕидови....);
3. Процент на обезбедени сопствени финансиски средства за реализација на проектот во однос на вкупната инвестициона вредност на проектот;
4. Степен на реализација на проект и
5. Опфатеност/покриеност на Ромско население во целното подрачје со резултатите на предлог-проектот.

V

Врз основа на критериумот од дел IV став 3 точка 1. од оваа програма – Број на жители припадници на Ромската етничка заедница во единиците на локална самоуправа, максималниот број на бодови е 20, а вреднувањето се врши на следниот начин:

$$\frac{\text{број на Ромско население во ЕЛС } x \text{ 20 (max бодови)}}{\text{13.342}} = \text{(освоени бодови)}$$

(max број на ромско население, согласно Попис од 2002 година

Врз основа на критериумот од дел IV став 3 точка 2. од оваа програма – Вид на проект (водовод, канализација, тротоари, улици, потпорни ѕидови....), максималниот број на бодови е 20, а вреднувањето се врши на следниот начин:
- водовод ........................................................20 бода,
- канализација ..................................................10 бода,
- тротоари, улици, потпорни ѕидови и друго..5 бода.

Врз основа на критериумот од дел IV став 3 точка 3. од оваа програма – Процент на обезбедени сопствени финансиски средства за реализација на проектот во однос на вкупната инвестициона вредност на проектот, максималниот број на бодови е 20, а вреднувањето се врши на следниот начин:
- преку 70 %....................................................20 бода,
- од 50 - 70 %..................................................15 бода,
- од 10-50 %....................................................10 бода,
- под 10 %........................................................5 бода.

Врз основа на критериумот од дел IV став 3 точка 4. од оваа програма – Степен на реализација на проект, максималниот број на бодови е 20, а вреднувањето се врши на следниот начин:

- Доградба, реконструкција или адаптација..20 бода,
- Изградба на нов проект…...............................10 бода.

Врз основа на критериумот од дел IV став 3 точка 5. од оваа програма – Опфатеност/покриеност на Ромско население во целното подрачје со резултатите на предлог-проектот, максималниот број на бодови е 20, а вреднувањето се врши на следниот начин:

- со предлог проектот се опфатени над 75 % од Ромското население во целното подрачје…..................................20 бода,
- со предлог проектот се опфатени до 75 % од Ромското население во целното подрачје..................15 бода,
- со предлог проектот се опфатени до 50 % од Ромското население во целното подрачје..................10 бода,
- со предлог проектот се опфатени до 25 % од Ромското население во целното подрачје....................5 бода.

VI

Во постапката за распределба на средствата за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население, финансиските средства кои се распределуваат по еден проект изнесува најмногу 4.000.000,00 денари.

VII

Обработката на доставените барања за распределба на средства со придружната документација од единиците на локална самоуправа, евалуацијата и изготвување на листа со предлог проекти го врши комисија составена од три члена од редот на вработените во Министерството за транспорт и врски, формирана од страна на министерот за транспорт и врски.

VIII

По извршената евалуација на пристигнатите барања и доставената документација од единиците на локална самоуправа, Комисијата изготвува Записник за евалуација и Листа со предлог проекти, која ја доставува до министерот за транспорт и врски на одобрување.

Врз основа на одобрената листа со предлог проекти, Министерството за транспорт и врски доставува до Владата на Република Северна Македонија предлог-одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

IX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-185/6<br>1 февруари 2023 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Фатмир Битиќи,** с.р. |

**435.**

Врз основа на член 260 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 263/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ПЛАТЕНИ КАКО ЦАРИНСКИ ДАВАЧКИ, ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ И АКЦИЗА ЗА НАБАВКА НА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛ ЗА ЛИЦА СО ТЕШКА, ПОТЕШКА И НАЈТЕШКА ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ЛИЦА СО УМЕРЕНА, ТЕШКА И ДЛАБОКА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ЗА ПОТПОЛНО СЛЕПИ ЛИЦА СО ПРИДРУЖНИК И ЗА ПОТПОЛНО ГЛУВИ ЛИЦА ЗА 2023 ГОДИНА

Со оваа програма се уредуваат мерките, носителите, начинот на спроведување, потребната документација и обезбедените средства за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2023 година.

I. Корисници

Корисници на оваа програма се следните лица:

- лице со тешка, потешка и најтешка телесна попречност,
- лице со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост,
- потполно слепо лице со придружник и
- потполно глуво лице.

II. Мерки

Рефундирањето на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил се врши во рамките на обезбедените средства со оваа програма.

Со оваа програма се предвидуваат средства за рефундирање во износ не поголем од 180.000,00 денари по одобрено барање.

III. Носители

Оваа програма ја спроведуваат Министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа.

IV. Начин на спроведување

Барањето за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил се поднесува од страна на лицето од дел I. од оваа програма, негов родител или старател, во тековната година по објавен јавен повик.

Јавниот повик ќе биде отворен до денот на исцрпување на средствата но најдоцна до 30 септември 2023 година.

Барањето со потребната документација се поднесува преку надлежниот центар за социјална работа до Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил со потребната документација.

Од страна на Комисијата за вршење на увид во домот на подносителот на барањето, се врши увид најдоцна 15 дена од доставување на барањето.

Од страна на Комисијата за вршење на увид во домот на подносителот на барањето, записникот за извршен увид и барањето со приложената документација се доставува до Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил најдоцна десет дена од извршениот увид.

Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил барањата ќе ги разгледува по редослед на поднесување, односно по датум и време на поднесување во надлежниот центар за социјална работа.